**Република Северна Македонија**
**Агенција за цивилно воздухопловство**

[redacted]

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

Бр. 10-102/1
Скопје, 20-01-2023г.

**До:** **Министерство за информатичко општество**
**Министерство за финансии**
**Министерство за труд и социјална политика**

**Врска: Нацрт - Закон за системот на плати во јавниот сектор**

**Предмет: Доставување на мислење по Нацрт - Законот за системот на плати во јавниот сектор**

Почитувани,

Во врска со Нацрт - Законот за системот на плати во јавниот сектор објавен на ЕНЕР, Агенцијата за цивилно воздухопловство (во понатамошниот текст: Агенцијата), го дава следното мислење:

Со предложениот Нацрт - Закон за системот на плати во јавниот сектор се прави обид да се утврдат општи и заеднички начела за целокупниот јавен сектор во кој по природата на надлежностите на различните области има голем број на институции со неспоиви и непоистоветливи надлежности, начини на работа, специфичности и карактеристики. Предложениот закон се коси со Уставот на Република Северна Македонија, бидејќи не се почитуваат и погрешно се интерпретираат неколку основни начела содржани во него, а пред сѐ, не се почитуваат обврските и надлежностите преземени со меѓународните договори и договорите за учество во меѓународни организации.

Со овој закон се нарушуваат две темелни вредности на Уставот и тоа:

Темелната вредност - Поделба на државната власт на законодавна, извршна и судска - преку обидот за мешање и влијание на министерствата во работата на судската и законодавната власт како и во работата на независните регулаторни тела, преку давање на задолжителни мислења.

Темелната вредност – Почитување на општо прифатените норми на меѓународното право. Очигледно при подготовката на овој закон воопшто не биле земени предвид преземените обврски согласно одредбите на меѓународните договори кои Република Северна Македонија ги има ратификувано.

Имено, самостојните државни органи основани од Собранието, меѓу кои и регулаторните тела како што е Агенцијата, се и треба да останат независни органи кои ќе имаат целосна политичка, финансиска и функционална независност. Тоа всушност е дефинирано и во член 7 од Законот за воздухопловство. Имено, Агенцијата е независно регулаторно тело со јавни овластувања и ги извршува надлежностите предвидени со ЕУ прописите, меѓународните воздухопловни стандарди и препорачани практики во својство на надлежна воздухопловна власт. Агенцијата во својата работа и при донесување на одлуките во рамките на своите овластувања е целосно

ул. „Даме Груев" број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 2 3114 – 046 ф.: + 389 2 3115 – 708 ЕМБС: 6648649
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk

[redacted]

политички, финансиски и функционално независна од друг државен орган, друго јавно правно лице или трговско друштво што врши дејност од областа на воздухопловството.

Со предложениот Нацрт - Закон се повредува вака предвидената независност. Имено, согласно член 26 став (3) од Нацрт - Законот се предвидува дека при утврдување на платните потсистеми мислењата на министерството за финансии (член 30), министерството за труд и социјална политика (член 31) и министерството за информатично општество и администрација (член 32), се задолжителни, што претставува флагрантно мешање на извршната власт во работата на независните регулаторни тела.

Ако се земе предвид аспирацијата на Република Северна Македонија за полноправно членство во Европската Унија, треба да се води сметка дека горенаведените членови од Нацрт - Законот кој е даден на увид, се косат со препораките на Европската комисија за целосна независност на регулаторните тела, односно се нарушуваат два аспекти на независноста - финансиска и функционална независност. Ова дотолку повеќе, ако се има во предвид фактот дека Агенцијата како регулаторно тело не се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија, туку од средства кои ги добива од меѓународната организација EUROCONTROL и нивната намена е јасно дефинирана со ЕУ Регулативата 1794/2006 која е преземена со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за начинот на определување на висината на надоместокот за користење на услуги на воздухопловна навигација и начинот на наплата и ослободување од плаќање на надоместокот како и висината и начинот на определување на делот од надоместокот за користење на услугите на воздухопловна навигација објавена во Службен весник на Република Северна Македонија бр. 194/19. Имено, со оваа одлука односно со ЕУ Регулативата 1794/2006 е дефинирано дека средствата кои што ги добиваат Агенцијата и Давателот на услуги на воздухопловна навигација можат да се користат исклучиво за да се обезбеди безбедност во воздухопловството преку надградба на системите и вложување во кадарот кој работи во овие правни лица што опфаќа плати и стручно оспособување. Ваквата одредба е во насока и на обврската на Агенцијата и Давателот на услуги на воздухопловна навигација за привлекување на стручен кадар и одржување на неговата компетентност како гаранција за безбедноста во воздухопловството. Оваа обврска е предвидена во неколку меѓународни стандарди кои како држава ги имаме преземено и тоа преку ICAO документот 9659, ЕУ Регулативата 1139/2018 (член 62) и други меѓународни стандарди.

Исто така, би сакале да укажеме дека согласно објаснувањето кон Нацрт - Законот, идејата на предлагачите била да се обезбеди недискриминација, но, во однос на дефиницијата на поимот дискриминација, Уставот на Република Северна Македонија забранува ограничување на слободите и правата на човекот и граѓанинот врз основа на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално и социјално потекло, имотна или општествена положба. Разликата во платата на граѓаните врз основа на образование, стручна оспособеност, тежина и одговорност на работната позиција, работни услови и слично, во никој случај не може да претставува дискриминација во смисла на Уставот. Напротив, Уставот го гарантира правото на секој работник на соодветна заработувачка.

Понатаму, во Нацрт - Законот се предвидува начело на конкурентност на платите со приватниот сектор што е контрадикторно на начелото на хиерархиска подреденост на платите почнувајќи од платата на претседателот на државата кое исто така се предлага во овој закон. Оваа контрадикторност произлегува од фактот дека, не само во Северна Македонија туку и пошироко, одделни области како што се воздухопловството, фармацевтската и нафтената индустрија, ИТ секторот, се далеку повеќе платени од било кое работно место или функција во јавниот сектор. Во таа смисла, а имајќи го предвид значењето на надзорот врз безбедноста во воздухопловството, не случајно во меѓународните стандарди и препорачани практики содржани

**Република Северна Македонија**
**Агенција за цивилно воздухопловство**

[redacted]

во ICAO документот 9659 и ЕУ Регулативата 1139/2018 се наведува дека кадарот во воздухопловните власти како што е Агенцијата треба да има плата и надоместоци на ниво како во субјектите на воздухопловната индустрија. Ова е во насока за привлекување и задржување во јавниот сектор на и онака дефицитарниот воздухопловен кадар. Укажуваме дека овој аргумент треба да се има во предвид при изготвувањето на вакви законски решенија затоа што истиот може да доведе до системски проблеми кои како крајна последица ќе имаат негативен ефект врз безбедноста во воздухопловството.

Од горенаведеното, можеме да заклучиме дека вака предложениот Нацрт - Закон за системот на плати во јавниот сектор е спротивен на Уставот, меѓународните договори и обврските преземени со нив, и од таа причина веруваме дека истиот ќе биде неприменлив во пракса за независните регулаторни тела кои се финансираат од сопствени средства, а не од средства од Буџетот на Република Северна Македонија. Со овој закон Агенцијата и другите независни регулаторни тела се доведуваат во зависност во однос на органите на извршната власт. Дополнително, овој закон негативно ќе влијае и на веќе утврдениот проблем на дефицитарност и задржување на стручниот и квалитетен кадар во Агенцијата кој ќе одговори на меѓународно преземените обврски. И на крај, она што е најважно е тоа дека со вака предложениот текст на Нацрт - Законот негативно ќе се влијае на квалитетот и нивото на безбедност во воздухопловството на Република Северна Македонија.

Имајќи ги предвид горенаведените негативни импликации на Нацрт – Законот за системот на плати во јавниот сектор врз Агенцијата и другите независни регулаторни тела, предлагаме во целост да се отстапи од концептот содржан во овој Нацрт – Закон.

Однапред благодариме на разбирањето и соработката.

Со почит,

**д-р Томислав Тунтев**
**Директор**

ул. „Даме Груев" број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 2 3114 – 046 ф.: + 389 2 3115 – 708 ЕМБС: 6648649
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk